

КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI
KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки


### Коалиција „Сите за правично судење“

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk



Март, 2021

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 01.03.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите и член на судечкиот совет од здравствени причини.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 01.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа, во фаза на дополнение на доказна постапка беше испитан 1 сведок на предлог на обвинителството.

На 22.03.2021 година на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на обвинителството.

## „27ми април - ОРГАНИЗАТОРИ“ КОК-2/20

На 02.03.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на член на судечкиот совет бидејќи истиот е и член на друг судечки совет кој постапува по друг предмет, чие рочиште за главна расправа се одржуваше во исто време.

На 05.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 8 сведоци на предлог на одбраната.

На 12.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази на предлог на одбраната.

На 16.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци на предлог на одбраната, а за еден од сведоците беше исклучена јавноста, но беше дозволено присуство на  преставник на Коалицијата во својство на стручна јавност.

На 18.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци на предлог на одбраната и беа изведени материјални докази при кое изведување беше исклучена јавноста, но беше дозволено присуство на преставник на Коалицијата во својство на стручна јавност.

На 25.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 обвинет на предлог на одбраната.

На 31.03.2021 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на членови од судечкиот совет од здравствени причини.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 03.03.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на член на судечкиот совет од здравствени причини.

На 15.03.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на член на судечкиот совет од здравствени причини.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 10.03.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител од здравствени причини.

На 26.03.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од бранителите од здравствени причини.

**„ТАЛИР“ КОК-3/19**

На 04.03.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на преставник на обвинетото правно лице.

**„МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-49/20**

На 03.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази на предлог на обвинителството.

На 10.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази на предлог на обвинителството.

На 18.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци на предлог на обвинителството.

На 24.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци на предлог на обвинителството.

**„ТАЛИР 2“ К-1413/19**

На 02.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитано 1 вешто лице на предлог на обвинителството.

На 16.03.2021 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на двајца бранители од здравствени причини.

**„ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20**

На 09.03.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите од здравствени причини.

**„МОЌНИК“ К-2616/20**

На 25.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа обвинетите беа поучени за нивните права и се произнесуваа по однос на вина, по што беа изведени материјални докази на предлог на обвинителството.

**„ТОТАЛ“ К-1493/17**

На 08.03.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранителите од здравствени причини.

**„ТРЕВНИК“ К-1925/20**

На 04.03.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на одбраната од здравствени причини.

На 18.03.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител од здравствени причини.

**„ДРУМАРИНА“ К-2799/20**

На 04.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци и 1 вешто лице на предлог на обвинителството.

На 25.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 сведок на предлог на обвинителството.

**„ТОРТУРА“ К-1959/17**

На 08.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 обвинети на предлог на одбраната.

На 12.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 обвинети на предлог на одбраната и беше прочитан исказ даден во претходна постапка.

На 18.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 обвинет на предлог на одбраната.

**„ЛАСКАРЦИ“ К-1407/19**

На 15.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази на предлог на одбраната и се започна со испитување на првообвинетиот на предлог на одбраната.

На 23.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа се продолжи со испитување на првообвинетиот на предлог на одбраната.

**„МАЏАР ТЕЛЕКОМ“ К-817/11**

На 24.03.2021 година, на рочиштето за главен претрес странките се произнесоа за поднесок од страна на одбраната, а во врска со претходна изјава за откажување од гонење на јавниот обвинител за еден од обвинетите.

**„УБИСТВОТО НА АНГЕЛ“ К-2882/20**

На 19.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени докази поврзани со реконструкцијата на предлог на одбраната.

На 26.03.2021 година, Судот донесе осудителна пресуда со која обвинетиот го огласи за виновен и на истиот му изрече казна ефективен затвор во траење од 13 години.

**„МАРИГЛЕН“ К-1271/16**

На 25.03.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител од здравствени причини.

**„ТАМАРА“ К-930/18**

На 19.03.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи бидејќи списите од предметот се наоѓаат во Апелациониот суд Скопје.

**„УБИСТВОТО НА САЗДО“ К-3216/20**

На 01.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци на предлог на обвинителството.

На 24.03.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки состав.

## „КАТИЦА И БОЈАН“ К-637/20

На 03.03.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на одбраната.

## „ВАНГЕЛОВСКИ“ К-2048/20

На 12.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази на предлог на обвинителството.

## Предмет за поранешна директорка на Клиниката за дерматологија К-1451/20

На 30.03.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител од здравствени причини.